**ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје**
ул. "Мирослав Крлежа" бр. 56, 1000 Скопје
Телефон: 15 004
E-mail: clients@proficredit.mk, www.proficredit.mk

# ИНФОРМАЦИЈА И ИЗЈАВА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Лични податоци

Твоите лични податоци се заштитени согласно важечките законски прописи. Ние од ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје вложуваме исклучителни грижи за да го заштитиме твојот интерес и да гарантираме спокојство.

- Имаме SSL сертификат. Во сајтот се вградени најсовремените технологии под форма на 256-битна криптирана врска, која ги гарантира сигурноста и личните податоци.
- Највисоко ниво на сигурност. Просториите, во кои ги чуваме податоците, се строго заштитени. Нашите сервери се под 24 часовно набљудување.
- Имаме инвестирано многу ресурси за да ја осигуриме полната заштита на твоите лични податоци. Немаме ниту еден регистриран случај на злоупотреба!

## Достап до Вашите лични информации

Во врска со обработката на Вашите лични податоци, а согласно важечките закони и прописи имате право да добиете информација за тоа, со писмено барање до ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје. Врз основа на добиеното барање, по потврдувањето на Вашиот идентитет и разгледување на барањето, ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје ќе Ве информира за бараните податоци на начин и во обем предвиден согласно важечкото законодавство.

Промена или бришење на лични податоци

Доколку е потребно, Вие имате право во секое време да ги менувате, дополнувате или да ги избришете вашите лични податоци и да приговарате во врска обработката на податоците или да побарате преносливост на истите. Во било кој од наведените случаи, Ве молиме контактирајте не на е-маил: zlp@proficredit.mk или телефон: 15 004.

ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје се обврзува да ги преземе неопходните мерки за корекција или бришење на невистинити во врска со Вашите лични податоци кои сте посочиле директно или преку достапните услуги. Сепак, ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје има право да го ограничи пристапот, да ги корегира или избрише личните податоци во согласност со барањата на важечките закони и прописи.

Времетраење на чување на личните податоци

ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје ги чува и обработува вашите лични податоци кои ни ги имате доставено :

- Име и Презиме;
- Постојана и моментална адреса, контакт телефон и е-пошта;
- Копија/слика од лична карта;
- ЕМБГ;
- Број на лична карта со датум и место на издавање, нејзина важност како и орган на издавање;

- Име и презиме и телефонски број на дополнителното лице за контакт наведено од Корисникот на кредит, кое нема никаква поврзаност со кредитот на Корисникот и се однесува само на известувања дека не сме биле во можност да стапиме во контакт со Корисникот на кредит;
- Корисникот на кредитот е должен да го информира дополнителното лице за контакт и да обезбеди негова согласност за ваквата обработка;
- Адреса на живеење евидентирана во лична карта/пасош, или пак, адреса на живеење различна од лична карта;
- Податоци за вработување и висина на приходи;
- Креирање на електронски профил на физичкото лице во системот на ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје;
- Информација за банкарска сметка на Корисникот на кредит;
- Податок дали лицето е носител на јавна функција или е лице поврзано со носител на јавна функција;
- Гласовно снимање на телефонските разговори  во врска со аплицирање, администрирање на кредит, како и други прашања поврзани со кредитирањето;

ФД ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопјее ги чува и обработува вашите лични податоци се додека постои барем еден од следните случаи:

- додека важат договорните обврски;
- додека било која од договорните страни може да има легитимни интереси во согласност со важечките закони и прописи (на пример да поднесете жалба или да се започне постапка за присилна наплата);
- додека една од договорните страни има законска обврска да ги чува податоците;
- додека Вашата согласност за соодветната обработка на лични податоци е во сила, освен ако не постои друга правна основа за обработка на податоците.

По истекот на наведените рокови, вашите лични податоци ќе бидат избришани или анонимни.
Со штиклирање на полето „Запознаен е се согласувам со Изјавата за согласност за обработка на личните податоци " Вие ја давате Вашата согласност за обработка на Вашите лични податоци, кои се обработуваат согласно Законот за заштита на лични податоци и согласно условите во дадената Изјава.